# СТАНДАРНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ОД СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО ПРОГЛАСЕНА КРИЗНА СОСТОЈБА

**- Трето дополнето издание -**

www.cuk.gov.mk



# СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ОД СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО ПРОГЛАСЕНА КРИЗНА СОСТОЈБА

## - Трето дополнето издание -


**Д-р Урим Вејсели**

**Драги Тарчуговски**

**Роберт Ристески**

**Петре Наков**

**М-р Гордана Наумовска**

**Д-р Александар Главинов**



Август, 2016 година

Владата на Република Македонија на Четириесет и седмата седница одржана на 21.02.2012 година ги усвои Стандардните оперативни процедури за комуникација координација и соработка помеѓу субјектите од системот за управување со кризи во прогласена кризна состојба, број 51-8531/1-11 од 21.02.2012 година.
Во третото дополнето издание обработени се и одлуките на Владата на Република Македонија за прогласување на:

- електроенергетска кризна состојба број 41-994/1 од 12.02.2012 година
- електроенергетска кризна состојба број 41-10193/1 од 31.12.2012 година
- кризна состојба број 110/1 од 19.08.2015 година

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

614.8:35.077.3(497.7)
351.78:35.077.3(497.7)

СТАНДАРДНИ оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од системот за управување со кризи во прогласена кризна состојба / Урим Вејсели ... [и др.]. - 3. дополнето изд. - Скопје : Центар за управување со кризи, 2016. - 310 стр. : табели ; 25 см

Автори: Урим Вејсели, Драги Тарчуговски, Роберт Ристески, Петре Наков, Гордана Наумовска, Александар Главинов

ISBN 978-608-65931-8-6
1. Вејсели, Урим [автор]
а) Кризен менаџмент - Р. Македонија б) Процедури - Високошколски учебник
COBISS.MK-ID 101549322

Содржина


| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предговор | | | | 9 |
| Вовед | | | | 10 |
| I | 1. | | Прогласување на кризна состојба | 15 |
| II | 1. | | Функции и задачи на институциите во СУК | 16 |
| | | 1.1. | Центар за управување со кризи | 16 |
| | | 1.2. | ЕЛС со просторни сили за заштита и спасување, ЈП и ТППЕ | 16 |
| | | 1.3. | Дирекција за заштита и спасување | 17 |
| | | 1.4. | Министерство за внатрешни работи | 17 |
| | | 1.5. | Министерство за одбрана – АРМ | 18 |
| | | 1.6. | Министерство за здравство | 18 |
| | | 1.7. | Министерство за транспорт и врски | 18 |
| | | 1.8. | Министерство за надворешни работи | 19 |
| | | 1.9. | Министерство за финансии | 19 |
| | | 1.10. | Министерство за економија | 19 |
| | | 1.11. | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 20 |
| | | 1.12. | Министерство за образование и наука | 21 |
| | | 1.13. | Министерство за труд и социјална политика | 22 |
| | | 1.14. | Министерство за култура | 22 |
| | | 1.15. | Министерство за животна средина и просторно планирање | 22 |
| | | 1.16. | Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – ИЗИИС | 23 |
| | | 1.17. | Сеизмолошка опсерваторија | 23 |
| | | 1.18. | Дирекција за радијациона сигурност | 23 |
| | | 1.19. | Агенција за млади и спорт | 24 |
| | | 1.20. | Агенција за иселеништво | 24 |
| | | 1.21. | Државен архив на РМ | 24 |
| | | 1.22. | Агенција за катастар на недвижности | 24 |
| | | 1.23. | Агенција за просторно планирање | 24 |
| | | 1.24. | Агенција за разузнавање | 24 |
| | | 1.25. | Агенција за ветерина и храна | 25 |
| | | 1.26. | Агенција за пасишта | 25 |
| | | 1.27. | Државен завод за статистика | 25 |
| | | 1.28. | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | 25 |
| | | 1.29. | ЈП “Македонија пат“ | 25 |
| | | 1.30. | Македонски железници инфраструктура | 25 |
| | | 1.31. | Агенција за државни патишта | 26 |
| | | 1.32. | Агенција за железнички сообраќај | 26 |
| | | 1.33. | Агенција за цивилно воздухопловство | 26 |
| | | 1.34. | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | 26 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1.35. | Агенција за електронски комуникации | 26 |
| | | 1.36. | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор | 26 |
| | | 1.37. | ЈП Македонска радиодифузија Скопје | 26 |
| | | 1.38. | Црвен крст на РМ | 26 |
| III | 1. | | Анализа на состојбата | 28 |
| | | 1.1. | Анализа според ризици | 28 |
| | | 1.2. | Презентирање | 30 |
| IV | 1. | | Начин на донесување на одлуки | 31 |
| V | | | Справување (реакција и поддршка) со ризици/опасности | 33 |
| | 1. | | Справување (реакција и поддршка) со манифестации на национализам и верска нетрпеливост и омраза | 34 |
| | | 1.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при манифестации на национализам и верска нетрпеливост и омраза | 35 |
| | | 1.2. | Ситуациони извештаи | 38 |
| | Прилог | | Одлука | 40 |
| | 2. | | Справување (реакција и поддршка) со терористички активности (вклучувајќи меѓународен и урбан тероризам), диверзии и саботажи | 45 |
| | | 2.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при терористички активности (вклучувајќи меѓународен и урбан тероризам), диверзии и саботажи | 46 |
| | | 2.2. | Ситуациони извештаи | 50 |
| | Прилог | | Одлука | 52 |
| | 3. | | Справување (реакција и поддршка) со демонстрации, штрајкови и немири од широки размери | 60 |
| | | 3.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при демонстрации, штрајкови и немири од широки размери | 61 |
| | | 3.2. | Ситуациони извештаи | 64 |
| | Прилог | | Одлука | 66 |
| | 4. | | Справување (реакција и поддршка) со земјотрес | 70 |
| | | 4.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при земјотрес | 71 |
| | | 4.2. | Ситуациони извештаи | 76 |
| | Прилог | | Одлука | 78 |
| | 5. | | Справување (реакција и поддршка) со поплави | 87 |
| | | 5.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при поплави | 88 |
| | | 5.2. | Ситуациони извештаи | 91 |
| | Прилог | | Одлука | 93 |
| | 6. | | Справување (реакција и поддршка) со интензивни | 101 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | снежни врнежи, снежни наноси, лавини, лизгање на земјиште и поголеми одрони на земја | |
| | 6.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при интензивни снежни врнежи, снежни наноси, лавини, лизгање на земјиште и поголеми одрони на земја | 102 |
| | 6.2. | Ситуациони извештаи | 104 |
| Прилог | | Одлука | 106 |
| 7. | | Справување (реакција и поддршка) со екстремно високи или ниски температури и густи магли | 111 |
| | 7.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при екстремно високи или ниски температури и густи магли | 112 |
| | 7.2. | Ситуациони извештаи | 115 |
| Прилог | | Одлука | 117 |
| 8. | | Справување (реакција и поддршка) со пожари од поголеми размери | 122 |
| | 8.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при пожари од поголеми размери | 123 |
| | 8.2. | Ситуациони извештаи | 126 |
| Прилог | | Одлука | 128 |
| 9. | | Справување (реакција и поддршка) со катастрофи во рудници или производствени капацитети, хаварии и поголеми дефекти | 135 |
| | 9.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при катастрофи во рудници или производствени капацитети, хаварии и поголеми дефекти | 136 |
| | 9.2. | Ситуациони извештаи | 139 |
| Прилог | | Одлука | 141 |
| 10. | | Справување (реакција и поддршка) при напукнатини, уривања и други оштетувања на брани | 147 |
| | 10.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при напукнатини, уривања и други оштетувања на брани | 148 |
| | 10.2. | Ситуациони извештаи | 151 |
| Прилог | | Одлука | 153 |
| 11. | | Справување (реакција и поддршка) со радиолошка, хемиска или биолошка контаминација, вклучувајќи последици од средствата за масовно уништување | 160 |
| | 11.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при радиолошка, хемиска или биолошка контаминација, вклучувајќи последици од средствата за | 161 |

| | | |
|---|---|---|
| | масовно уништување | |
| 11.2. | Ситуациони извештаи | 165 |
| Прилог | Одлука | 167 |
| 12. | Справување (реакција и поддршка) со масовни труења (храна, хемикалии и други отровни материи) | 176 |
| 12.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при масовни труења (храна, хемикалии и други отровни материи) | 177 |
| 12.2. | Ситуациони извештаи | 180 |
| Прилог | Одлука | 182 |
| 13. | Справување (реакција и поддршка) со појава на заразни болести кај луѓето (епидемии) | 187 |
| 13.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при појава на заразни болести кај луѓето (епидемии) | 188 |
| 13.2. | Ситуациони извештаи | 192 |
| Прилог | Одлука | 194 |
| 14. | Справување (реакција и поддршка) со појава на заразни болести кај животните (епизоотии) | 201 |
| 14.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при појава на заразни болести кај животните (епизоотии) | 202 |
| 14.2. | Ситуациони извештаи | 204 |
| Прилог | Одлука | 206 |
| 15. | Справување (реакција и поддршка) со појава на заразни болести кај растенијата (епифитотии) | 210 |
| 15.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка при појава на заразни болести кај растенијата (епифитотии) | 211 |
| 15.2. | Ситуациони извештаи | 213 |
| Прилог | Одлука | 215 |
| 16. | Справување (реакција и поддршка) со зголемен број на мигранти/бегалци | 219 |
| 16.1. | Функции за остварување на можностите за реакција и поддршка со зголемен број на мигранти/бегалци | 220 |
| 16.2. | Ситуациони извештаи | 224 |
| Прилог | Одлука | 225 |
| 17. | Справување (реакција и поддршка) со енергетска кризна состојба | 230 |
| 17.1. | Функции за остварување на можностите за реакција при енергетска кризна состојба | 231 |
| 17.2. | Ситуациони извештаи | 232 |
| Прилог | Одлука | 233 |
| VI | Справување (реакција и поддршка) со | 235 |

| | | |
|---|---|---|
| | инциденти/појави | |
| 1. | Справување со инциденти/појави (предизвикани од човек) | 236 |
| 1.1. | Организиран криминал и недозволена трговија со дрога, оружје и луѓе – илегална миграција | 237 |
| Прилог | Одлука | 239 |
| 1.2. | Поседување на поголеми количини на илегално оружје | 241 |
| Прилог | Одлука | 242 |
| 1.3. | Корупција | 244 |
| Прилог | Одлука | 245 |
| 1.4. | Повреди на воздушниот простор на РМ | 246 |
| Прилог | Одлука | 247 |
| 1.5. | Инциденти на граница и застои на граничните премини | 248 |
| Прилог | Одлука | 249 |
| 1.6. | Тежок криминал вклучувајќи уцени, убиства и напади врз граѓаните и нивната сопственост | 250 |
| Прилог | Одлука | 251 |
| 1.7. | Неовластено изнесување, објавување и нарушување на безбедноста на информациите и комуникациите | 253 |
| Прилог | Одлука | 254 |
| 1.8. | Активности на странските специјални служби и други активности насочени кон влошување на безбедносната состојба | 255 |
| Прилог | Одлука | 256 |
| 1.9. | Последици од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратешките енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во РМ | 257 |
| Прилог | Одлука | 258 |
| 1.10. | Извештаи | 260 |
| 2. | Справување со инциденти/појави (природни) | 261 |
| 2.1. | Удар на гром | 262 |
| Прилог | Одлука | 263 |
| 2.2. | Силни ветрови, суши, слана или град | 265 |
| Прилог | Одлука | 266 |
| 2.3. | Деградација од поголем обем и уништување на животната средина | 267 |
| Прилог | Одлука | 268 |
| 2.4. | Замрзнување на речните текови и езера | 270 |
| Прилог | Одлука | 271 |
| 2.5. | Обилни дождови | 273 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Прилог | | Одлука | 274 |
| | | 2.6. | Извештаи | 276 |
| | 3. | | Справување со инциденти/појави (техничко-технолошки) | 277 |
| | | 3.1. | Експлозивни уривања и уништување на НУС | 278 |
| | Прилог | | Одлука | 279 |
| | | 3.2. | Сообраќајни несреќи во патниот, железничкиот, водениот и воздушниот сообраќај | 281 |
| | Прилог | | Одлука | 282 |
| | | 3.3. | Нарушување на редовните состојби во комуналната сфера – струја, нафта-гас, вода, комуникации | 284 |
| | Прилог | | Одлука | 285 |
| | | 3.4. | Состојба со крв и крвни продукти | 287 |
| | Прилог | | Одлука | 288 |
| | | 3.5. | Извештаи | 289 |
| VII | 1. | | Прием, распределба и дистрибуција на меѓународна помош | 291 |
| VIII | 1. | | Односи со јавноста | 295 |
| IX | 1. | | Престанок на кризната состојба | 299 |
| | Обрасци за препораки | | Нафта и нафтени деривати | 300 |
| | | | Меѓународна помош | 301 |
| | | | Ангажирање на АРМ | 302 |
| | | | Заеднички медиа центар | 303 |
| | | | Престанок на кризна состојба | 304 |
| | | | Повлекување на ресурси | 305 |

Користени законски прописи 306

Преглед на употребени кратеници 308

# РЕЦЕНЗИЈА

Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од Системот за управување со кризи во прогасена кризна состојба претставуваат есенцијална алатка за реализација на оперативните планови на Системот за управување со кризи, со особен придонес во научно-истражувачката дејност и научно-стручната литература од обласна на безбедноста.

Иако нивна првична намена е да послужат како практичен прирачник за институциите кои се дел од Системот за управување со кризи, стандардните оперативни процедури имаат и едукативен карактер, имено како стручна литература која е од исклучителна корист за студентите, првенствено студентите на студиите по кризен менаџмент, заштита и спасување, како и за студентите на студиите по безбедност и одбрана, а воедно претставуваат и материјал за консултација на наставниот кадар од наведената област.

Од стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од Системот за управување со кризи во прогасена кризна состојба голема корист има и пошироката стручна и научна јавност во Република Македонија, вклучувајќи ги и невладините организации во државата.

Со третото дополнето издание се унапредува алатката и се прилагодува на практичните потреби со што се зголемуваат и нејзините вредности.

проф. д-р Јован Ананиев

проф. д-р Мируше Хоџа

# ВОВЕД

Во оваа публикација се претставени Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите на Системот за управување со кризи во услови на прогласена кризна состојба, како системски и институционални решенија.

Публикацијата претставува синтетизирано претставување на интегрираната материја на одделните Стандардните оперативни процедури кои се различни во зависност од ризикот за кој се прогласува кризната состојба, односно упатува на комплексно институционално оформување, воспоставување и функционално користење како прирачник.

Стандардните оперативни процедури како прирачник се наменети најнапред за користење од страна на членовите на Главниот штаб за управување со кризи кој во Системот за управување со кризи е оперативно-стручно тело, кое раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации, потоа за носителите на оперативно-стручните одлуки за справување со кризната состојба, како и за користење од страна на лицата вработени во органите на државната управа кои по потреба се упатуваат да извршуваат задачи за определено време во Центарот за управување со кризи. Следната намена на Стандардните оперативни процедури е во функција на стручен материјал за лицата вработени во министерствата и другите органи на државната управа, органите на општините и на градот Скопје, јавните установи и служби, како и трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба кои се задолжени за подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба, како и ориентационен стручен материјал за членовите на регионалните штабови за управување со кризи.

Потоа прирачникот во едукативна смисла е во функција на поширока литература на студентите на студиите за кризен менаџмент, заштита и спасување, како и за студентите на студиите за безбедност, односно одбрана. Покрај тоа процедурите имаат намена и како консултативен материјал за наставниот кадар по наставниот предмет мир и толеранција во средните училишта.

Имајќи ја во вид содржината и елаборираните активности за справување со кризи, цениме дека прирачникот истовремено ќе претставува драгоцена литература за сите граѓани кои од личен интерес имаат потреба за проширување

на своите знаења од областа на кризниот менаџмент во смисол на градење на капацитетите на отпорност на системот на заканите по безбедноста на граѓаните.

Со Стандардните оперативни процедури се заокружува и имплементацијата на НАТО - партнерската цел „Менаџирање со итни ситуации вклучувајќи и справување со последици од терористички акти" со што авторите и Издавачот даваат свој придонес кон зајакнување на меѓународните позиции на Република Македонија за полноправно членство во НАТО.

Стандардните оперативни процедури се дело на заедничкиот напор и ангажирањето на претставниците од повеќе владини институции – субјекти на Системот за управување со кризи, кои со својата стручност, професионалност и меѓуресорски пристап овозможија изработка на материјалот со комплексна содржина која е предмет на координирана работа на државните институци. Затоа изразуваме голема благодарност кон претставниците на институциите кои ни помогнаа во подготовката на Стандардните оперативни процедури, а посебно на претставниците од министерствата за одбрана, внатрешни работи, надворешни работи, здравство, економија, животна средина и просторно планирање, земјоделство шумарство и водостопанство, транспорт и врски, труд и социјална политика, образование и наука, финансии, култура, како и на претставниците на Агенцијата за разузнавање и дирекциите за радијациона сигурност и за заштита и спасување.

Третото дополнето издание ги надополнува Стандардните оперативни процедури со искуствата и материјалите од прогласените енергетски кризни состојби во 2012 година, како и прогласената кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија во 2015/2016 година.

Од тематско методолошки аспект, содржината на прирачникот е разработена во XX целини.

Во првиот дел се определуваат условите кога прирачникот се користи во пракса односно, се утврдува прогласувањето на кризна состојба.

Во вториот дел се разработени функциите и задачите на институциите во Системот за управување со кризи на национално ниво, кои пак се основа на

секоја институција за преземање на активности според Стандардните оперативни процедури.

Во третиот дел разработена е постапката за анализирање на состојбата во зависност од ризикот поради кој се прогласува кризната состојба, како и нивно презентирање, а се со цел да се стандардизираат оперативните процедури за планско и оптимално ангажирање на институциите во зависност од анализираната кризна состојба.

Во четвртиот дел се стандардизира оперативната процедура за начинот на донесувањето на одлуките.

Во петтиот дел детално се прикажуваат активностите за справување (реакција и поддршка) одделно за секој ризик заради чие постоење би била прогласена кризна состојба на територијата на Република Македонија или на дел од неа, потоа ситуационите извештаи кои се исто така различни за секој ризик, како и оперативно стручните предлог - одлуки на Главниот штаб за управување со кризи со кои се одлучува да се ангажираат ресурсите (човечки, материјално – технички и финансиски) и да се стават во функција на непосредно справување со ризикот поради чие постоење се прогласува кризна состојба.

Во шестиот дел детално се прикажуваат активностите за справување (реакција и поддршка) со инциденти/појави кои сами по себе не се доволни за прогласување на кризна состојба без оглед дали се предизвикани од човек, природа или техничко-технолошки процеси. Истите се третираат во кризна состојба, бидејќи за справувањето со нив се користат истите ресурси за справување со ризиците поради чие постоење би била прогласена кризна состојба на територијата на Република Македонија или на дел од неа. Понатаму се прикажуваат оперативно стручните предлог - одлуки на Главниот штаб за управување со кризи со кои се одлучува да се ангажираат ресурсите (човечки, материјално – технички и финансиски) и да се стават во функција на непосредно справување со ризикот/појавата. Исто така, се прикажуваат и ситуационите извештаи за инцидентите/појавите.

Во седмиот дел се стандардизираат оперативните процедури за прием, распределба и дистрибуција на меѓународната помош, а во осмиот дел се стандардизираат процедурите за односи со јавност.

Во деветтиот дел се прикажани Стандардните оперативни процедури за објавување на престанувањето на кризната состојба.

На крајот се прикажани приложените обрасци за препораки за меѓународна помош, ангажирање на структурите на Армијата во функција на поддршка на полицијата или на цивилните структури, формирање на заеднички медиа центар, престанувањето на кризната состојба, препорака за повлекување на ресурсите како и преглед на употребени скратеници.

*Авторите*

**- I -**

# 1. ПРОГЛАСУВАЊЕ КРИЗНА СОСТОЈБА

Прибирање на податоците и информациите за настанот, проверка на веродостојност, нивно селектирање, обработка и следење на состојбата на територијата (ЦУК и субјекти во СУК).

Проценување на ризиците и опасностите по безбедноста (Група за проценка).

Предлагање кризна состојба до Управувачкиот комитет (еден функционер кој раководи со орган на државната управа, член на УК, раководителот на ГП или директорот на ЦУК).

Подигнување на степенот на загрозеноста на повисоко ниво (за прогласување на кризна состојба) - предлог од Управувачкиот комитет до Владата на РМ.

Прогласување кризна состојба и активирање на механизмите за нејзино разрешување со употреба на ресурсите на органите на државната управа, општините и градот Скопје (Влада на РМ).

Обезбедување на претставници на институциите за 24/7 работа во Главниот штаб за управување со кризи и експерти во ОПЦЕН на ЦУК.

Раководење со активностите за справување со кризната состојба (Главниот штаб за управување со кризи и регионалните штабови за управување со кризи).

**- II -**

# 1. ФУНКЦИИ И ЗАДАЧИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СУК

## 1.1. ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

- Активирање на проценката и плановите за реагирање во кризни состојби од својот делокруг, прифаќање и воведување во ситуација на упатените лица од субјектите во системот за управување со кризи;
- Координација на севкупните активности помеѓу сите учесници кои учествуваат во справувањето со кризната состојба;
- Информатичка обработка на добиените податоци потребни за водење на операции;
- Изработување на работната карта (мапирање на ГИС програмата и рачно на карта);
- Изработување на процена на потребите за справување со кризната состојба;
- Координирање и контрола на спроведувањето на заклучоците, одлуките, препораките и мерките кои ги донесуваат Главниот штаб за управување со кризи, Групата за процена и Управувачкиот комитет;
- За потребите на ГШУК, Групата за процена и Управувачкиот комитет изработува известувања, анализи, информации, извештаи и други акти врз основа на добиени координирани податоци;
- Организира меѓународна соработка и ја координира меѓународната помош;
- Организира и активира систем за јавно тревожење на населението,
- Пренос на податоци и информаци (отворени и класифицирани) преку средствата за врски со кои располага Центарот за управување со кризи и останатите субјекти;
- Издавање на посебно одобрение – пропусница за движење и работа во подрачјата зафатени од кризната состојба;
- Координација на информациите кон населението преку средствата за јавно информирање.

## 1.2. ЕЛС СО ПРОСТОРНИ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ЈП И ТППЕ

- Проценување на настанатата кризна состојба на подрачјето на општината и активирање на Просторниот штаб за заштита и спасување;
- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;

- Активирање на просторните единици за заштита и спасување и ставање во функција на сите ресурси во рамките на општината; (ЈП, општинскиот Црвен крст и невладините организации во рамките на општината);
- Подготвување на комуналните потреби на предвидените собирни места за евакуирани граѓани;
- Ангажирање на граѓаните во урбаните заедници, односно месните заедници и нивна координација на активностите во справување со кризата;
- Организира работа на комисија за утврдување на штетите настанати од кризната состојба;
- Мобилизирање на просторните единици за заштита и спасување и ставање во функција на сите ресурси во рамките на општината; (ЈП, општинскиот Црвен крст и невладините организации во рамките на општината);
- Поддршка на државните институции со силите и капацитетите на ЈП и ТППЕ.

### 1.3. ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

- Активирање на Републичкиот штаб за заштита и спасување и подрачните штбови за заштита и спасување;
- Ангажирање на тимовите за брз одговор и републичките единици за заштита и спасување;
- Организирање и спроведување на активности и мерки за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

### 1.4. МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Остварување на системот на државната и јавната безбедност;
- Контрола на движење и престој во зафатеното подрачје;
- Контрола на престојот и движењето на странците во РМ, а посебно во зафатеното подрачје;
- Укажување на помош на загрозени лица при кризна состојба;
- Следење на производството, прометот, складирањето и заштитата од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали од аспект на загрозување на безбедноста на РМ, а посебно на зафатеното подрачје;
- Зајакнување на граничното обезбедување.

## 1.5. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - АРМ

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Ставање на декларираните материјални и човечки ресурси во функција за поддршка на полицијата и останатите субјекти при кризна состојба;
- Разузнавачка поддршка на армиските сили пред и за време на вршење на операции на територијата на Република Македонија.

## 1.6. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Организирање на здравствената заштита на населението при кризна состојба;
- Организирање на прва медицинска помош и згрижување на повредени во подрачјата зафатени со кризната состојба;
- Следење на загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните продукти;
- Следењето на здравствената состојба на населението;
- Заштитата на населението од појава на заразни болести, од штетното влијание на гасовите, загаденоста на воздухот, водата и земјиштето;
- Контрола на прехранбените производи и предмети за општа употреба;
- Следење на хигиено-епидемиолошката состојба;
- Сузбивање и одложување на ширењето на можни епидемии;
- Проценување на ефикасноста од користените интервенции;
- Обезбедување на лекови, помошни медицински средства, медицински помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали.

## 1.7. МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Следење и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите на вештачките акумулации;
- Организирање на патниот сообраќај и патната инфрастуктура при кризна состојба;
- Организирање на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура при кризна состојба;
- Организирање на воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура при кризна состојба;
- Организирање на телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура при кризна состојба;
- Организирање на радиодифузијата и радиодифузната инфрастуктура при кризна состојба;

- Организирање на станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на РМ.

**1.8. МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Континуирано спроведување на надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија при кризна состојба;
- Организацијата и раководењето со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија, како и организирање на системот на врски со нив;
- Поддршка на ГШ на СУК во комуникацијата и соработката со странските дипломатски и конзуларни претставништва на странски држави и мисии на меѓународни организации во Република Македонија за обезбедување на потребна поддршка и помош.

**1.9. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Организирање на системите за финансирање, трезор, царина, даноци, девизно работење, ревизија и платен промет, осигурување на имот и лица при кризна состојба;
- Извршување на Буџетот на Република Македонија при кризна состојба;
- Активирање на стоковните резерви;
- Употреба на финансиски средства од централниот буџет за справување со кризната состојба од постојаната и тековната буџетска резерва;
- Пренамена на други средства од централниот буџет за справување со кризната состојба.

**1.10. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Следење на економските, структурните и техничко- технолошките состојби во претпријатиата од посебно значење во регионите опфатени од кризна состојба од областа на индустријата, како и следење на искористеност на капацитетите;
- Следење на обезбедувањето со суровини и репроматеријали за претпријатијата во регионите зафатени со кризна состојба;
- Следење на состојбата во рудниците на концесионерите во координација со Државниот технички инспекторат;

- Следење на состојбата со производство, пренос, дистрибуција и снабдување на потрошувачите со електрична енергија, како и снабдување на потрошувачите со други енергенси во РМ;
- Следење на снабдувањето со нафтени деривати и природен гас;
- Следење на состојбите со снабденоста на населението со основните прехранбени производи;
- По утврдување на состојбата се даваат предлози и препораки до ГШ (интервенирање на пазарот од стоковите резерви, ограничување на трговијата на одделни производи, определување на највисоки цени за одделни производи и услуги, утврдување на обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед, утврдување на обврска на трговците да чуваат определени количини за одделни видови на стока);
- соработка со трговските друштва од посебно значење за работа во кризна состојба;
- Обезбедување на стручна соработка од соодветни експерти од областа на рударството и геологијата;
- Инспекциски надзор на примената на законите и другите прописи;
- Следење на состојбите во туризмот и угостителството во координација со туристичките агенции;
- Преместување на туристите во безбедносни зони, односно во угостителски објекти надвор од загрозеното подрачје;
- Одржување на националните еталони и сертифицирани референтни материјали.

### 1.11. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Активирање на шумските ресурси во функција на енергенси,
- Следење и анализирање на метеоролошките и хидролошките појави и процеси;
- Прогнозата на времето на територијата на Република Македонија за тековниот ден наутро, за наредниот ден и за изгледите на времето во наредните 3 -5 дена;
- Состојба на загаденоста на водата
- Следење и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите;
- Експлоатација на хидромелиоративните системи;
- Давање на предупредување (алармирање) за можност од поплави преку УХМР;

- Мониторинг на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и на количеството на водите што влегуваат и што се испуштаат од нив;
- Организира и презема мерки за спречување на појавата, ширењето и уништувањето на штетниците на растенијата;
- Следење на појавата, ширењето и распространетоста на штетниците на растенијата врз основа на метеоролошки, биолошки и други податоци;
- Проценување и дијагностицирање на штетниците на растенијата;
- Определување на оптимални рокови за уништување на штетниците на растенијата;
- Список и картографски приказ на поплавени рамнини, на водните живеалишта, крајбрежни земјишта на езера и акумулации, како и други водни системи;
- Утврдување на видот на штетниците, за стручна и правилна употреба на средствата за заштита на растенијата и правилна употреба на опремата за третирање;
- Евиденција за појавата на штетниците на растенијата кои предизвикуваат позначителна економска штета, за преземените мерки за нивно уништување и за обемот на предизвиканите штети и собирање и користење на метеоролошки податоци кои се од значење за следење на појавата, ширењето и уништувањето на штетниците на растенијата;
- Откривање и одредување на штетните организми;
- Уништување или отстранување на друг начин, обележување на местото на присуството на штетниот организам, преземање на мерки - предлага третман и/или други пропишани мерки (третирање со препарати за сузбивање на болеста);
- Извршување на редовни и систематски прегледи за присуство на штетни организми во врска со кои заштитената зона била дефинирана како таква;
- Следење, прогнозирање, детерминирање и одредување на мерки за заштита од штетни организми;
- Анализа и евалуација на статусот на здравјето на растенијата со цел дефинирање на појавеноста и ширењето на штетни организми во земјата;
- Зајакнување на контролата на движењето на луѓето низ шумите.

**1.12. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Организирање на воспитанието и образованието од сите видови и степени при кризна состојба;
- Организира одржлив ученички и студентски стандард;

- Подготвување на инфраструктурата на институциите од областа на образованието и науката (училишта, сали, музеи и сл.) за привремена пренамена за болници и капацитети за евакуација.

### 1.13. МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Преземање услуги и мерки од системот на социјалната заштита;
- Организирање и контрола на заштитата на работниците при работењето во кризна состојба;
- Организирање на заштита на лица опфатени со институционалните и вонинституционалните форми на социјална заштита;
- Подготвување на инфраструктурата на јавните установи во надлежност на МТСП за привремена пренамена за болници и капацитети за евакуација;
- Обезбедување услови за сместување на евакуираното население во рамки на сопствените капацитети;
- Учествува во процесот на прием на хуманитарна помош и процедури за влез на хуманитарната помош.

### 1.14. МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Организирање на заштитата на културното богатство.

### 1.15. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Вградување и користење на релевантни податоци од Просторниот план на РМ, поврзани со катастрофи;
- Соработка на стручни лица од МЖСПП, МТВ, АПП и ИЗИИС: увиди на терен и изработка на Извештаи за видот и обемот на кризната состојба со препораки до Владата на РМ, за првични и следни активности, како одговор на последиците од истата;
- Засилено, перманентно следење на загаденоста на воздухот, водите и земјиштето и активен мониторинг на состојбите во животната средина, во засегнатиот простор;
- Теренски активности на стручните лица од Централната лабораторијата за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина и природа;
- Изработка на извештаи од увид на терен и соодветни лабораториски анализи, со предлози до Владата на РМ, за преземање на соодветни мерки и активности, во врска со актуелната кризна состојба;

- Изработка на дополнителни планови за управување со опасниот и неопасниот отпад продуциран од кризната состојба;
- Учество при изработка на планови за уредување на погоденото подрачје во делот на стратешка процена на влијанијата врз животната средина.

**1.16. ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА – ИЗИИС**

- Обезбедување на брза и релевантна постземјотресна проценка на штети.

**1.17. СЕИЗМОЛОШКА ОПСЕРВАТОРИЈА**

- Брзо испорачување (доцнење до 5 минути) автоматско испраќање на прелиминарните податоци за епицентарот и јачината на земјотресот, испратени до Центарот за управување со кризи и одговорните субјекти;
- Прелиминарно известување: со доцнење до 30-45 минути, каде рачно се преработени и проверени сите податоци за епицентарот, јачината и макросеизмичкото дејство на земјотресот во епицентралното подрачје и генерирање на графички прилог (географска карта на епицентралното подрачје со макросеизмички податоци);
- Известување за настанатите штети: во случај на земјотрес со магнитуда поголема од 4.7 (доцнење до 24 часови). Релевантните податоци се добиваат во соработка со Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) во Скопје;
- Конечен извештај (доцнење до 24 часови).

**1.18. ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ**

- Активирање на Планот за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Македонија и интерните процедури;
- Врши контрола над изворите на јонизирачко зрачење во Република Македонија (во овој случај со посебен осврт на изворите во објектите зафатени од кризната состојба);
- Води Национален регистар на извори на јонизирачко зрачење и нуклеарен материјал;
- Ги утврдува интервентните нивоа и условите за радијациона заштита и сигурност;
- Презема интервенции во случај на радијационен вонреден настан и дава стручна помош околу процена на ситуацијата (по однос на радијационата заштита и сигурност, мониторингот, носење одлуки за преземање на одредени мерки и акции за заштита) во случај на радијационен вонреден настан;
- Воспоставува соодветен начин за информирање на населението во врска со заштитата од јонизирачкото зрачење и е во поддршка на Центарот за управување со кризи во давањето на информации и предупредувања за населението во случај на радијационен вонреден настан;

- Врши инспекциски надзор над правни лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење;
- Планира и спроведува меѓународна соработка во областа на јонизирачкото зрачење;
- Врши и други работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење.

**1.19. АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Подготвување на инфраструктурата (спортски објекти) за привремена пренамена за болници и капацитети за евакуација;
- Организирање на човечките ресурси на спортските федерации и друштва и нивно вклучување во справување со последиците од кризната состојба.

**1.20. АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО**

- Одржување на комуникацијата со иселениците поединци и иселенички организации преку сите расположливи средства за комуникации при кризна состојба на работа со цел известување со конкретни информации за настанатата состојба и организирање на помош од иселеништвото.

**1.21. ДРЖАВЕН АРХИВ НА РМ**

- Организирање и прифат на архивска граѓа при кризна состојба.

**1.22. АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

- Дефинирање на просторот опфатен со опасноста или настанот во смисла на конкретно лоцирање и утврдување на носителот на сопственоста на недвижностите зафатена од кризната состојба.

**1.23. АГЕНЦИЈА ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

- Користење на податоците од Просторниот план на РМ и изработка на вонреден просторен план за загрозените подрачја;
- Дефинирање на просторот за организирање на времени базни кампови.

**1.24. АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ**

- Разузнавачка поддршка: собирање информации кои се однесуваат на новонастанатата состојба;
- Разузнавачка поддршка: соработка со странски РС со цел обезбедување навремени информации;
- Експертска поддршка на аналитичко и оперативно ниво;
- Разузнавачка поддршка (обезбедување информации за странски субјекти вклучени во обезбедување помош за Република Македонија, присуство на странски делегации и претставници и сл.);

- Изработка на соодветни аналитички материјали (информации) за потребите на ГШУК, Групата за проценка и Управувачкиот комитет, а во функција на изработка на нивни известувања, анализи, информации, извештаи и други акти врз основа на добиени координирани податоци.

**1.25. АГЕНЦИЈА ЗА ВЕТЕРИНА И ХРАНА**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при појава на заразни болести кај луѓето (епидемии).

**1.26. АГЕНЦИЈА ЗА ПАСИШТА**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Организирање на човечките ресурси на сточарски федерации и друштва и нивно вклучување во справување со кризната состојба.

**1.27. ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

- Прибирање, обработка, анализа и објавување на статистички податоци;
- Водење и ажурирање на статистички регистри на население, деловни субјекти, териториjални единици, просторни единици и фарми.

**1.28. КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

- Следење на односите помеѓу државата, верските заедници и религиозните групи при кризна состојба;
- Придонес во заштита на верските објекти кои се прогласени за културно наследство.

**1.29. ЈП „МАКЕДОНИЈА ПАТ”**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Учествува со свои сили и материјално технички средства во справување и отстранување на последиците по патната инфраструктура оштетена/уништена при кризната состојба;

**130. МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ-ИНФРАСТРУКТУРА**

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Учествува со свои сили и материјално технички средства во справување и отстранување на последиците по железничката инфраструктура оштетена/уништена при кризната состојба;
- Организирање на транспорт за луѓе и стоки при кризна состојба.

### 1.31. АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

- Учествува со свои сили и материјално технички средства во справување и отстранување на последиците по патната инфраструктура оштетена/уништена при кризната состојба.

### 1.32. АГЕНЦИЈА ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

- Учествува со свои сили и материјално технички средства во справување и отстранување на последиците по железничката инфраструктура оштетена/уништена при кризната состојба.

### 1.33. АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

- Учествува со свои сили и материјално технички средства во справување и отстранување на последиците по аеродромската инфраструктура оштетена/уништена при кризната состојба;
- Организирање на услови за непречен прифат на странска помош по воздушен пат.

### 1.34. ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

- Организирање на распределба на резервите на нафта и нафтени деривати на институциите за справување со кризната состојба.

### 1.35. АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

- Организирање на телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура при кризна состојба.

### 1.36. ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

- Подготвување на инфраструктурата (спортски, деловни и др. објекти) за привремена пренамена за болници и капацитети за евакуација.

### 1.37. ЈП „МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА“ СКОПЈЕ

- Обезбедување пренос, емитување и дистрибуција на радио, ТВ програми и телетекст во слободен простор и кабловска радио-телевизиска мрежа при кризна состојба;
- Обезбедување на радио и телевизиски врски со радио дифузни системи од други земји во светот.

### 1.38. ЦРВЕН КРСТ НА РМ

- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Употреба на единицата за справување со катастрофи;

- Употреба на специјализирани тимови и единици (сместување, евакуација, процена, дистрибуција, транспорт, прва медицинска помош);
- Активирање на служба за барање.

**- III -**

# 1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 1.1 АНАЛИЗА СПОРЕД РИЗИЦИ

Во зависност од ризикот за кој се погласува кризната состојба податоците за анализа на состојбата ги обезбедуваат:

Манифестации на национализам и верска нетрпеливост и омраза, како и бегалска/мигрантска криза

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МВР и АР (класифицирана во зависност од податоците).

Терористички активности (вклучувајќи меѓународен и урбан тероризам), диверзии и саботажи

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МВР и МО (класифицирана во зависност од податоците).

Земјотрес

Изработка на прелиминарна анализа (1 час) на можната загрозеност на виталната инфраструктура на територијата зафатена со земјотресот (податоци од Сеизмолошка опсерваторија).

Анализа на состојбите и Првична процена од хуманитарна помош на населението (загрозени, повредени, настрадани и исчезнати) - изработува Црвениот крст за 12 часа.

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МТВ, ИЗИИС, МВР, МЕ, ЦУК, ДРС и ДЗС).

Поплави

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МЗШВ, ДЗС и МТВ.

Анализа на состојбите и Првична процена од хуманитарна помош на населението (загрозени, повредени, настрадани и исчезнати) - изработува Црвениот крст за 12 часа.

Интензивни снежни врнежи, снежни наноси, лавини, лизгање на земјиште и поголеми одрони на земја

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МЗШВ и МТВ.

Анализа на состојбите и Првична процена од хуманитарна помош на населението (загрозени, повредени, настрадани и исчезнати) - изработува Црвениот крст за 12 часа.

Екстремно високи или ниски температури и густи магли

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МЗШВ и ДЗС.

Анализа на состојбите и Првична процена од хуманитарна помош на населението (загрозени, повредени, настрадани и исчезнати) - изработува Црвениот крст за 12 часа.

Пожари од поголеми размери

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МЗШВ и ДЗС.

Анализа на состојбите и Првична процена од хуманитарна помош на населението (загрозени, повредени, настрадани и исчезнати) - изработува Црвениот крст за 12 часа.

Катастрофи во рудници или производствени капацитети, хаварии и поголеми дефекти, како и недостаток на енергенси.

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МЗШВ, МЕ и МТВ.

Напукнатини, уривања и други оштетувања на брани

Изработка на анализа за состојбата на зафатената област (1-2 часа) - податоци од МЗШВ и МТВ.

